
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 01-4345
14. 11 2024 год.
СКОПЈЕ





Развојна програма на училиштето ООУ „Блаже Конески“, Општина Аеродром – Скопје

за период 2024 - 2028 година

Скопје, 2024

Преамбула

Развојната програма на ООУ „- , Скопје за периодот 2024-2028 година е изработена врз основа на член 49 став 1, 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), членовите 1, 2, 3, 4, 5 од Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр 08-3714/3 од 29.05.2024) донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија.

Развојната програма за ООУ е изготвена врз основа на:

- Закон за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници во основното училиште;
- Законот за работни односи (член 30-35 и 40-46);
- Законот за јавни набавки (член 1-3 и 15-19);
- Статутот на училиштето;
- Извештај од интегрална евалуација на училиштето;
- Извештајот од самоевалуацијата на училиштето (2022-2024).
- Развојна програма на училиштето од 2022-2026 година.

По претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители, Директорот на ООУ ,,Блаже Конески“- Скопје, предложи *Развојна програма за работа на училиштето* до Училишниот одбор.

По разгледување на предлогот, Училишниот одбор на ООУ„Блаже Конески“ – Аеродром, Скопје, на одржаната седница на ден 14.11.2024 година, ја усвои *Развојната програма за работа на училиштето* за периодот 2024 – 2028 година.

Основни податоци

Основни податоци за училиштето	
Општинско основно училиште	ООУ „Блаже Конески“, Скопје
Адреса, општина, место	ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Општина Аеродром, Скопје
Телефон Факс Е-маил	факс: 02/ 2469 – 746 тел: 02/ 2469 – 746 е-маил: blaze_koneski1@yahoo.com
Веб-страница	www.oublazekoneskiskopje.weebly.com
Во колку смени работи училиштето	2
Број на ученици во училиштето	1041
Број на паралелки во централно училиште	39
Училиштен директор	м-р Виолета Ристовска
Претседател на училишен одбор	Благоја Саздовски
Период на подготовка на Развојната програма	2024 година

Содржина

1. **Податоци за основното училиште**

    1.1. Идентификациони податоци за училиштето
    1.2. Историјат на основното училиште

~~2.~~ **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

Податоци за централното училиште	
Име на основното училиште	**ООУ„Блаже Конески“**
Адреса, општина, место	**ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, општина Аеродром, Скопје**
Телефон	**тел: 02/ 2469 – 746**
Факс	**факс: 02/ 2469 – 746**
Веб-страница	ooublazekoneski.edu.mk
Е-маил	е-маил: blaze_koneski1@yahoo.com
Основано од	**Општина Аеродром**
Општинско основно училиште	**ООУ„Блаже Конески“- Аеродром, Скопје**
Верификација-број на актот	**02-671/40**
Година на верификација	**26.11.1954**
Година на изградба	**01.03.7955**
Тип на градба	**Масивна**
Внатрешна површина на училиштето (m^2)	**Училиштето е во доградба и надградба**
Површина на училишен двор (m^2)	**Училиштето е во доградба и надградба**
Површина на спортска сала	**460 метри квадратни**
Начин на загревање на училиштето	**Парно греење**
Училиштето работи во смени	**2 (две)**
Број на одделенија	**39**
Број на паралелки	**39**
Број на комбинирани паралелки	**/**

Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	**Македонски јазик**
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	**/**
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	**/**
Во основното училиште има ресурсен центар	**/**
Други податоци карактеристични за основното училиште	**Зелено знаме, април 2015**

1.2. Историјат на основното училиште

Првото име на нашето училиште е ,,Владимир Назор“, основано е на 26.11.1954 година од страна на Народниот одбор на град Скопје со решение бр. 02 – 671/40. На први март 1955 година зградата на училиштето е завршена и предадена во употреба. Училиштето работи со 7 паралелки од прво до четврто одделение, а вкупниот број на ученици изнесува 325. Но, бројот на учениците почнува да расте и веќе во наредната 1955/1956 учебна година училиштето прераснува во полно основно училиште со 656 ученици .Воедно се зголемува и бројот на вработените. Во 1963 година, кога градот Скопје го зафати силен земјотрес, не беше поштедено нашето училиште. Со извршената санација се зголеми бројот на паралелките на 43 со вкупно 1980 ученици, но со санацијата на другите училишта настана растеретување и во нашето училиште. Во 1965/66 година училиштето ,,Иван Горан Ковачиќ“ беше расформирано и паралелките во кои се изведуше настава на српскохрватски јазик се приклучија на нашето училиште. Така што наставата се изведува на два наставни јазици и тоа на македонски и на српскохрватски јазик. Со распаѓањето на СФРЈ 1991/92 година опаѓаат паралелките на српски наставен јазик, се сведуваат на една комбинирана паралелка за да на крај сосема да згаснат. Во месец март 1994 год училиштето го менува името и повторно добива име на истакнат поет, поет на ,,проста и строга македонска песна“ - Блаже Конески. Во 1996 година нашето училиште го зафаќа силен пожар, при што изгоре во целост бараката во која беше сместена библиотеката со над 15 000 книги. Таа беше гордост на нашето училиште бидејќи според фондот на наслови и книги таа беше најбогатата во Македонија. Покрај богатата училишна литература, библиотеката располагаше и со современа, стручна литература.. Во пожарот изгореа три занимални за забавиште, 2 простории за дневен престој, кабинет по музичко образование и сала за свеченост. Во 1997 година е оформен кабинет по информатика.

2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

Стратешка цел 1	**Развојни цели**	Целосна реализација	Делумна	Не е реализирано	Образложение

			реализација		
Подобрување на организацијата и реализацијата на наставата и учењето	Приспособување на наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни потреби	✓			
	Изготвување на процедури со кои ќе се обезбедат материјални средства за да им се помогне на учениците кои потекнуваат од социјално загрозените семејства	✓			
Стратешка цел 2	**Развојни цели**	Целосна реализација	Делумна реализација	Не е реализирано	Образложение
Подобрување на постигнувањата на учениците	Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво	✓			
	Формирање на Тим за инклузивно образование кој ќе				

	помогне во работата со учениците со посебни потреби и организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби	✓			
	Формирање на тим за работа со надарени и талентирани ученици	✓			
Стратешка цел 3	**Развојни цели**	Целосна реализација	Делумна реализација	Не е реализирано	Образложение
Професионален развој на наставниците, стручните соработници, и раководниот кадар	Изработка на План и Програма за професионале н развој на наставниците, со која би се идентификува ле потребите за професионале н развој на наставниците	✓			
	Организирањето обуки и семинари по сите наставни предмети и подрачја во наставната работа	✓			
	Развивање на систем за мотивирање и наградување на воспитно-образовниот кадар	✓			
Стратешка цел 4	**Развојни цели**	Целосна реализација	Делумна реализација	Не е реализирано	Образложение
Подобрување на инфраструктурата	Изготвување на приоритетна листа за				

на училиштето	потребните просторни и инфраструктурни услови за работа на училиштето	✓			
	Анализа на ефектите од подобрената инфраструктура во училиштето		✓		

3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

СВОТ Анализа на ООУ „Блаже Конески“ - Општина Аеродром -Скопје

По реализирана успешна самоевалуација на на ООУ „ Блаже Конески“ – Општина Аеродром - Скопје направена е СВОТ анализа на училиштето за претходниот период на работа. Добиените податоци од

самоевалуацијата се појдовна точка за креирање Развојната програма за работа на ООУ „ Блаже Конески“ – Општина Аеродром – Скопје, период од 2024-2026 година. Според анализите кои се реализираат континуирано изработен е документ, со кој училиштето ја планира својата целокупна долгорочна работа.

Во Развојната програма за наредниот периодот, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето, опфатени се предностите, слабостите, можностите и заканите на училиштето, односно силни и слаби страни.

ПРЕДНОСТИТЕ, силните страни укажуваат дека континуираната работа и залагање носат успеси.
Училиштето е препознатливо по квалитетно работење, постигнувања на учениците, успешна инклузија и грижа за безбедноста и добросостојбата на сите ученици. Постои добра комуникација помеѓу наставниците, наставник-ученик-родител.Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој.
Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. Училиштето се грижи за социо- емоционалната добросостојба на учениците. Раководството ја цени работата и залагањето на наставниците и е посветено на унапредување на работата на училиштето.
Родителите се заинтересирани за училишниот живот на нивните деца и активно учествуваат во истиот. Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на учениците, училиштето и заедницата.
Преку интерни работилници, внатрешни посети и посета на отворени денови училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието
Оценувањето во училиштето е реално, транспарентно и проследено со образложение и дискусија од страна на

наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Во училиштето учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место. Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здравствените установи. Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на потеклото. Вработените и учениците заеднички допринесуваат за стекнатиот углед и репутација на училиштето. Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Има систем за идентификување и поддршка на надарените и талентирани ученици да ги развиваат своите потенцијали. Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. Како силна страна на раководниот орган се издвојуваат комуникациските вештини, одржувањето добри односи помеѓу сите учесници во наставата, промовирање и поддржувањето тимска работа. Раководниот орган овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој. Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и навремено ги набавува.

МОЖНОСТИ - прилики што произлегуваат од работата на основното училиште овозможуваат јакнење на позитивните вредности. Изградба на нови просторни капацитети за реализација на наставата во кои ќе има и нова библиотека со читална. Соодветниот простор на училиштето овозможува доградба надградба на просторните капацитети. Обезбедување на поголем фонд на книги наменети за награди на учениците кои постигнуваат високи резултати во совладувањето на наставниот материјал и учество на натпревари. Заинтересирани родители за вклучување во активности за естетско и функционално уредување на училишето, МИО и други активности. Проекти кои ја развиваат меѓуврсничката поддршка за совладување на наставниот материјал. Училиштето има

капацитет за спроведување и организирање дополнителни обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога.

СЛАБОСТИ - Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси. Целосно опремување на училиштето со смарт табли. Поголемо вклучување на учениците во реализација на воннаставните активности(изборот на воннаставните активности да произлегува од реалните потреби и интерсите на учениците). Бројот на компјутери не ги задоволува потполно потребите за вкупниот број ученици во училиштето. Недостаток на меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал. Училиштето врши мал број на обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога. Библиотеката нема читална поради ограничени просторни капацитети и нема доволен фонд на книги за награди на ученици кои постигнуваат високи резултати во совладување на наставниот материјал, натпревари и слично.

ЗАКАНИ, пречки, опасности што произлегуваат од опкружувањето на основното училиште, се закани кои се рефлектираат од целокупното општество. Низ годините професијата наставник континуирано и се повеќе ја губи својата атрактивност и се помал број млади луѓе се определуваат за оваа професија со што се јавува недостиг на наставен кадар. Големиот недостиг на наставен кадар, кој е сериозен, општествен проблем претставува вистинска закана во напорите и планирањата за организација на квалитетна настава во училиштата. Недостиг од финансии и недоволна финансиска поддршка од Општината и од локалната заедница.

СВОТ Анализа на ООУ„Блаже Конески“ Општина Аеродром - Скопје

СВОТ АНАЛИЗА	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
ПРЕДНОСТИ	**СЛАБОСТИ**

• Квалитетно работење, постигнувања на учениците, успешна инклузија и грижа за безбедноста и добросостојбата на сите ученици. • Училниците се опремени со смарт табли. • добра комуникација помеѓу наставниците, наставник-ученик-родител. • Разработени насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. • Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. • Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. • Училиштето се грижи за социо- емоционалната добросостојба на учениците. • Раководството ја цени работата и залагањето на наставниците и е посветено на унапредување на работата на училиштето. • Родителите се заинтересирани за училишниот живот на нивните деца и активно учествуваат во истиот. • Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на учениците, училиштето и заедницата. • Преку интерни работилници, внатрешни посети и	• Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси. • Бројот на компјутери не ги задоволува потполно потребите за вкупниот број ученици во училиштето. • Недостаток на меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал. • Недоволен број на обуки на учениците за заштите од пушење алкохол и дрога. • Библиотеката нема читална поради ограничени просторни капацитети и нема доволен фонд на книги за награди на ученици кои постигнуваат високи резултати во совладување на наставниот материјал, натпревари и слично.

посета на отворени денови училиштето дава помош при изборот за продолжување на образованието • Оценувањето во училиштето е реално, транспарентно и проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, • учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. • Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. • Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место. • Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. • Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на потеклото. • Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици како и учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. • Има систем за идентификување и поддршка на надарените и талентирани ученици да ги развиваат своите потенцијали. • Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето. • Раководниот орган овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој.	
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**

• Изградба на нови просторни капацитети за реализација на наставата во кои ќе има и нова библиотека со читална. • Обезбедување на поголем фонд на книги наменети за награди на учениците кои постигнуваат високи резултати во совладувањето на наставниот материјал и учество на натпревари. • Заинтересирани родители за вклучување во активности за естетско и функционално уредување на училиштето, МИО, Еко – проекти (Еразмус +), проект ,,Денови на занаетчиство„ (професионална ориентација на учениците), проект ,,Отфрли насилство, избери другарство“ проект Медиумска писменост - училиштен весник ,,Гласот на младите“ и други активности. • Проекти кои ја развиваат меѓуврсничката поддршка за совладување на наставниот материјал.	• Недостиг на наставен кадар поради опаѓање на интересот за наставничката професија кај младите • Недостиг од финансии и недоволна финансиска поддршка

4. Мисија и визија на основното училиште

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е простор и средина која нуди примена на современа образовна настава, технологија и дигитализација, стекнување на применливи знаења, преку високи морални вредности, стручно и професионално усовршување на кадарот, подигнување на еколошката свесност и мултикултурализмот кај учениците и вработените.

Со организација и реализација на воспитно – образовниот процес се стимулира социо-емоционалниот развој на учениците и нивното ментално и физичко здравје. Обезбедуваме инклузија, стекнување на трајни

знаења и вештини. Ги почитуваме различностите и индивидуалните карактеристики на учениците со цел да создадеме среќни и одговорни граѓани на нашето општество.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Се стремиме преку тимска работа да го унапредиме квалитетот на наставата.Училиштето да се темели на детските права, инклузивноста, креативноста, мултикултурализмот, здравјето, сигурноста и безбедноста на сите ученици.

Ќе ја унапредиме добросостојбата на учениците и наставниците, ќе обезбедиме вклучување на учениците во сите сфери на работењето на училиштето.

Со обезбедување подобри просторни услови, воведување кабинетска настава и набавка на нова опрема ќе го зголемиме квалитетот на образовниот процес во училиштето подеднакво за сите ученици.

5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

Приоритет	Образложение
Поттикнување на учениците за активно вклучување во активностите за време на наставата и во изработка на план за воннаставни активности	Со активно вклучување на учениците за време на наставниот процес се зајакнува самодовербата и се поттикнува нивната самостојност и креативност. Истовремено учениците се поттикнуваат да ја покажат својата иницијатива за реализација на активности во кои ќе ги спроведат во дело своите идеи, интереси и потреби. Реализацијата на овој приоритет ги унапредува демократските процеси во училиштето.

Обезбедување континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	На учениците со потешкотии во совладување на наставниот материјал им се дава континуирана поддршка со употреба на современи образовни методи и техники. На овие ученици наставниците и стручните соработници им даваат поддршка за зајакнување на нивните можности и совладување на нови стартегии за учење, поттикнување на нивната иницијатива, самодоверба, ангажираност и превземање одговорност за своите постапки. Со обезбедување помош и врсничка поддршка од ученици-ментори се зајакнува соработка, епатија и свесност за искористување на своите капацитети и способности кај сите ученици (и кај учениот ментор и кај ученикот на кого му се дава поддршка).
Ажурирање на Кодекс на однесување и училишни правила, нивна подеднаква примена за сите ученици и подеднакво спроведување мерки за нивно непочитување од страна на учениците.	Ревидирањето на постоечкиот кодекс на однесување и неговата промоција ќе придонесе за запознавање на сите субјекти со нивните права и одговорности што ќе помогне во унапредување на демократската клима во училиштето. Училиштето има униформи за сите ученици. Училишната клима ќе се унапреди со подеднаква примена на Училишниот кодекс на однесување за сите ученици кои не го почитуваат. Истовремено ќе се работи на подигнување на свест и поддршка на сите ученици, другарство и емпатија што ќе придонесе за безбедност и чувство за припадност кај сите.
Изградба на нови просторни капацитети за реализација на наставата во кои ќе има и нова библиотека со читална.	Со изградба во прва фаза на нова училишна зграда, доградба на 8 училници,6 кабинети за предметна настава, нова училишна библиотека и нова училишна кујна и трпезарија, лифт за ученици со телесен инвалидитет, тоалет за ученици со телесен инвалидитет и втора фаза доградбна на дополнителни училници и мала фискултурна сала, ќе се унапреди наставата и ќе се овозможи континуирана поддршка на развојот на учениците.Подобрувањето на просторните капацитети на училиштето, ќе создаде современи услови за реализација на наставата, подобри услови за згрижување на учениците во продолжен престој и услови за унапредување на наставата по сите предмети. Тоа ќе придонесе за унапредување на добросостојбата на учениците и стимулирање на нивниот психо-физички развој. Обезбедување на поголем фонд на книги наменети за награди на учениците кои постигнуваат високи резултати во совладувањето на наставниот материјал и учество на натпревари.

6. Дефинирани стратешки и развојни цели

Приоритетно подрачје на промени	**НАСТАВА И УЧЕЊЕ**
Стратешка цел:	

Стратешка цел 1: **Поттикнување на учениците за активно вклучување во активностите за време на наставата и во изработка на план за воннаставни активности**
Развојни цели: Развојна цел 1.1.: Поттикнување на учениците за активно вклучување во активностите за време на наставата Развојна цел 1.2. : Вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности

Приоритетно подрачје на промени	**ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**
Стратешка цел: Стратешка цел 2: **Обезбедување континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал**	
Развојни цели: Развојна цел 2.1.: Меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал.	
Приоритетно подрачје на промени	**УЧИЛИШНА КЛИМА**
Стратешка цел: Стратешка цел: 3**. Едукација на учениците за заштита од пушење, алкохол и дрога**	
Развојни цели: Развојна цел: 3.1. Организација и спроведување на дополнителни обуки на учениците *за заштите од пушење алкохол и дрога.* Развојна цел: 3.2. Развивање на свесноста на учениците за одржување на хигиената во училниците	
Приоритетно подрачје на промени	**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
Стратешка цел: Стратешка цел: 4. **Подобрување на просторните услови за непречена реализиација на наставата и континуирана поддршка на учениците.**	
Развојни цели: Развојна цел 4.1.: Проширување на просторните капацитети на библиотеката	

7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето

Приоритетно подрачје на промени	**НАСТАВА И УЧЕЊЕ**
Стратешка цел 1: Поттикнување на учениците за активно вклучување во активностите за време на наставата и во изработка на план за воннаставни активности **Развојна цел 1.1.: Поттикнување на учениците за активно вклучување во активностите за време на наставата** **Развојна цел 1.2. : Вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности**	
Конкретна цел 1.2. Вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности	

Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Ресурси
Реализација на интерни обуки за наставниците за примена на современи форми и методи на активна настава	Обучени 95% од наставниците за примена на современи форми и методи на активна настава	Стручни активи	Учебна 2024/2028	Информатичка опрема, компјутер, печатар, интернет, стручна литература
Размена на искуства, примери на добра пракса и меѓуколегијална поддршка на наставниците на ниво на стручни активи	99% од наставниците на анкета изјавиле дека имаат корист од активностите на стручни активи од меѓуколегијалната поддршка	Одговорни наставници на стручни активи	Од учебна 2024/2028	ИКТ опрема, интернет, стручна литература, записници од состаници
Следење наставен час со цел: примена на современи форми и методи на активна настава	99% од наставниците успешно применуваат современи форми и методи на активна настава	Директор Стручни соработници	Од 11.2024 до 06.2028 година	Инструмент за следење и вреднување на наставен час
Анализа на записници од следење на наставен час кај наставниците со констатации и препораки за надминување на утврдени слабости.	99% од наставниците успешно применуваат современи форми и методи на активна настава, препораки за унапредување	Директор Стручни соработници	Од 11.2024 до 06.2028 година	Инструмент за следење и вреднување на наставен час, дескриптивна

				анализа
Следење наставен час со цел: примена на современи форми и методи на активна настава – интерактивно учење	99% од наставниците успешно применуваат современи форми и методи на активна настава и интерактивно учење	Директор Стручни соработници	Од 11.2024 до 06.2028 година	Инструмент за следење и вреднување на наставен час
Анализа на записници од следење на наставен час кај сите наставници со констатции и препораки за индивидуи и стручни активи за надминување на утврдени слабости.	99% од наставниците успешно применуваат современи форми и методи на активна настава, препораки за унапредување на индивидуалната работа на наставниците и работата на стручните активи	Директор Стручни соработници	Од учебна 2024 / 2028 година	Инструмент за следење и вреднување на наставен час, дескриптивна анализа
Конкретна цел 1.2. Вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности				
Анкета на потребите и интересите на учениците за вклучување во изработка на план за воннаставни активности	Анкетирани 98% од учениците од III до IX одделение.	Ученички парламент	од учебна 2024/2025, континурано во наредните 4 учебни години	Анкетни листови, ИКТ опрема, печатач, литература
Анализа на резултатите од анкета за потребите и интересите на учениците за вклучување во изработка на план за воннаставни активности	Утврдени се потребите и интересите за вклучување во изработка на план за воннаставни активности на 98 % од учениците	Ученички парламент	од учебна 2024/2025, континурано во наредните 4 учебни години	Анкетни листови, ИКТ опрема, печатач, литература
Презентација на наодите од анкетата и предлог активности за вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности	Изготвен предлог активности за вклучување на учениците во изработка на план за воннаставни активности	Ученички парламент Наставнички совет	од учебна 2024/2025, континурано во наредните 4 учебни години	Резултати од анализи на анкети, предлози за активности за реализација на планот
Активно учество на учениците во изработка на план за воннаставни активности	99% од заинтересираните ученици се вклучени во изработка на план за воннаставни активности	Ученички парламент Наставнички совет	од учебна 2024/2025, континурано во наредните 4 учебни години	Анализи од анкета, анализи на вклученост на заинтересиранит е ученици во изработка на план за воннаставни активности

Приоритетно подрачје на промени	**ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**
Стратешка цел 2: Обезбедување континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал **Развојна цел 2.1.: Меѓуврсничка поддршка за совладување на наставниот материјал.**	
Конкретна цел 2.1.1. Обезбедување континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	

Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Ресурси
Изготвување дијагностичка листа на ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Изготвена листа со 100% од учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Одделенски и предметни наставници	Од учебната 2024/2025 година	Дијагностички тестови
Обновување на листа на ученици со податоци за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Изготвена листа со 100% од учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Одделенски и предметни наставници	Од учебната 2024/2028 година	Податоци од наставнички и одделенски совети, формативно и сумативно оценување
Тековно обновување на листа на ученици со податоци за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Изготвена листа со 100% од учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	Одделенски и предметни наставници	Од учебната 2024/2028 година	Податоци од наставнички и одделенски совети, формативно и сумативно оценување
Анализа на вклученост на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал во дополнителна настава	98% од учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал посетуваат дополнителна настава	Директор Стручни соработници Одделенски и предметни наставници	Од 10. 2024 до 06.2025 година. Во наредните 3 учебни година два пати во годината (полугодие на на крај од учебната година)	Податоци од наставнички и одделенски совети, податоци од дневник на паралелка за дополнителна настава

Развивање на меѓуврсничката поддршка, со цел меѓусебно помагање и полесно совладување на наставните содржини, подобрување на меѓусебната соработка кај учениците	100% од учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал, имаат поддршка и помош од врсниците, со цел подобрување на успехот и напредокот во совладување на наставниот материјал	Директор Стручни соработници Одделенски и предметни наставници	Од учебната 2024/2025 година и натаму во наредните 4 учебни години	Податоци од наставнички и одделенски совети, податоци од дневник на паралелка за дополнителна настава
Конкретна цел 2.1.2. Континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал				
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Ресурси
Известување на родителите чии деца имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал за задолжително посетување на дополнителна настава	100% од родителите чии деца имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал се известени за задолжително посетување на дополнителна настава	Одделенски и предметни наставници	9. 2024 до 06.2028	Писмено известување за родител, податоци од дневник на паралелка за дополнителна настава
Планирање на активности за поддршка на ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал (кои ќе се реализираат на дополнителна настава)	Направен план со активности за 100% од учениците од листа за ученици кои имаат потешкотии	Одделенски и предметни наставници	09. 2024 до 06.2028	Неделни и дневни планирања на наставниците. План за реализација на додатна настава. Листа на ученици-ментори кои даваат поддршка на ученикот со потешкотии.
Континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	100% од учениците од листа за ученици кои имаат потешкотии добиваат континуирана поддршка	Одделенски и предметни наставници	09. 2024 до 06.2028	Неделни и дневни планирања на наставниците. План за реалиазција на додатна настава.

Анализа на ефекти од обезбедување континуирана поддршка на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал	90% од учениците кои добиле континуирана поддршка во совладување на наставниот материјал покажуваат напредок	Одделенски и предметни наставници	од 12.2024 до 06.2028 два пати во секоја учебна година (полугодие и на крај од учебната година)	Анализи на успех и напредок на учениците. Извештај од реализација на дополнителна настава.

Приоритетно подрачје на промени	**УЧИЛИШНА КЛИМА**
Стратешка цел: 3. Едукација на учениците за заштита од пушење, алкохол и дрога **Развојна цел: 3.1. Организација и спроведување на дополнителни обуки на учениците *за заштите од пушење алкохол и дрога.*** **Развојна цел: 3.2. Развивање на свесноста на учениците за одржување на хигиената во училниците**	
Конкретна цел 3.1.1. Континуирани обуки и давање насоки на учениците за заштита од пушење, алкохол и дрога	

Активност	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Ресурси
Реализација на обуки на учениците за заштита од пушење, дрога и алкохол	Реализирани обуки и примена на знаењата во однос на заштита од пушење, алкохол и дрога	Наставници и стручни соработници	Од учебната 2024/2028 година	Претходно обуки и презентации, ИКТ, Литература
Организирани работилници за едукација за заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога	Запознаени 100% ученици, наставници и примена на начините за заштита	Наставници и стручни соработници	Од учебната 2024/2025 година и натаму во наредните 4 учебни години	Донесување на правила за заштита од пушење, дрога, алкохол, ИКТ, Литература

3.2. Развивање на свесноста на учениците за одржување на хигиената во училниците	Запознаени 100% ученици, со почитување и правилно одржување на хигиената	Наставници и стручни соработници	Од учебната 2024/2025 година и натаму во наредните 4 учебни години	Кодекс на однесување, правилник за почитување на хигиената, литература

Приоритетно подрачје на промени	**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
Стратешка цел: 4. Подобрување на просторните услови за непречена реализиација на наставата и континуирана поддршка на учениците. **Развојна цел 4.1.: Проширување на просторните капацитети на библиотеката**	
Конкретна цел 4.1.1. Изградба на нова библиотека со читална и зголемување на фондот со книги кои ќе придонесат постигнување високи резултати во совладување на наставниот материјал, натпревари и слично	

Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Ресурси
Подготовка на проектна документација	Изготвена проектна документација	Сектор за урбанизам – Општина Аеродром	Од учебната 2024/2025	Компјутер, интернет, Правилници, Стручна литература
Обебзбедување финансиска средства за изградба и опремување на библиотека со читална	Обезбедени се потребните финансии за изградба и опремување на библиотека со читална	МОН Општина Аеродром	Од учебна 2024/2028	Барање за обезбедување финасии, компјутер, литература
Подготовки на локацијата каде што ќе се врши градбата	Подготвен терен за градежни работи	Општина Аеродром	Од учебна 2024/2028	Проектна документација

Изградба на библиотека во склоп на училиштето	Создавање услови за непречена реализација на наставата и обезбедување на потребната литература за учениците	МОН Општина Аеродром ООУ,,Блаже Конески“	Од учебна 2024/2028	Проектна документација Фактури, Правилници, нацрт за изградба
Опремување на библиотеката со книги и соодветен мебел	Создавање услови за непречена реализација на наставата и користење на училниците,библиотеката и литература потребна за учениците	МОН Општина Аеродром ООУ,,Блаже Конески“	Од учебна 2024/2028	Фактури за набавки, нормативи и стандарди за опременост на библиотеката

8.Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

- **Директор:** М-р Виолета Ристовска -

-**Претставник од локална самоуправа:** Билјана Кочовска -

-**Стручна служба:** Александра Арсовска Белчовска, Весна Анѓеловска -

-**Предметен наставник:** Искра Стојановска -

-**Предметен наставник:** Маре Јаничиќ-

-**Одделенски наставник:** Ангелина Митева -

- **Одделенски наставник:** Јоана Николиќ -

-**Родител:** Александра Ѓорѓиева Спасовски -

-**ученик:** Лука Јоакимовски-

-**ученик:** Анамарија Саботкоска-

Претседател на
Училиштен одбор
Благоја Саздовски

Директор
М-р Виолета Ристовска
